ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. **03 - 239 / 1**
03.04.2025
СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 122**

**Скопје, 3.4.2025 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на финансии (5.02.00.07) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ (5.02.00.07) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-160/4 од 13.3.2025 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 13 март 2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на финансии (5.02.00.07) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 3.2.2025 година. Во предвидениот рок, на конкурсот се пријави:

- *д-р Дејан Станков.*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје му го поднесува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци за кандидатот**

Д-р Дејан Станков е роден на 09.04.1985 година во Кочани. Високо образование завршил на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, каде во 2008 година се стекнал со звање Дипломиран економист по сметководство, финансии и ревизија (просек 8,30).

Втор циклус (магистерски) студии завршил на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2012 година се стекнува со академски назив Магистер на економски науки од областа на монетарната економија (просек 8,0) со одбраната на магистерската теза "Современи тенденции во меѓународните супервизорски стандарди".

Третиот циклус (докторски) студии кандидатот го завршил на Универзитетот Американ Колеџ Скопје од областа на економските науки. Во 2021 година со особен успех ја одбранил докторската дисертација со наслов „Влијанието на економскиот раст и нееднаквоста врз сиромаштијата во земјите во транзиција, со посебен осврт на македонската економија" и се стекнува со научен назив Доктор по економски науки.

Во текот на своето образование, д-р Станков се стекнува со бројни сертификати за успешно завршени курсеви и обуки од областа на економијата и статистиката.

Д-р Дејан Станков активно зборува англиски јазик, а негов мајчин јазик е македонскиот.

**Работно искуство**

Својата професионална кариера, д-р Станков ја започнува во Државниот завод за статистика, веднаш по неговото дипломирање во 2008 година. Неговата професионален развој се надоградува со стажирање во Евростат – статистичката агенција на Европската Унија, како млад статистичар во 2011 година.

Кандидатот има над 16 години работно искуство во областа на официјалните статистики во рамки на македонскиот статистички систем, вклучително и како заменик генерален директор на Државниот завод за статистика (2014-2017). Во тоа својство, д-р Станков раководеше со

статистичките процеси во националниот статистички систем, соработувајќи со бројни меѓународни организации и национални статистички агенции. Активно е вклучен во усогласувањето на националната статистика со европската статистика, вклучително и во однос на методолошките подобрувања во националните сметки, деловните и социјалните статистики, за чии цели реализираше неколку важни проекти. Ги координира активностите за партнерското оценување на нашата земја, процес што го спроведува Евростат.

Од 2018 година до 2024 година, кандидатот е вработен во Народната банка на позицијата Самостоен советник аналитичар во Дирекцијата за статистика, одговорен за екстерни статистики. Како дел редовните обврски за производство и дисеминација на екстерни статистики, кандидатот учествува во неколку значајни проекти, како што се проектот за приватни трансфери, проектот за статистика за надворешна трговија со услуги, процесот на придржување на нашата земја кон Специјалниот систем за дисеминација на податоци Плус (SDDS Plus), проектот за воспоставување статистички веб-портал за екстерни корисници итн.

Во август 2024 година, д-р Станков е именуван за Директор на Државниот завод за статистика.

Кандидатот има учествувано на бројни конференции, семинари, работилници и состаноци на експертски групи организирани во рамки на Европскиот статистички систем. Истовременемо, кандидатот има учество на интензивни курсеви од областа на статистиката и економијата организирани од ММФ, Евростат и Обединетите нации, за што има добиено бројни сертификати.

**Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност**

Д-р Дејан Станков ги има објавено следните научни трудови во периодот на последните пет години пред датумот на објавување на конкурсот:

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (3.2.2025)** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Stankov, D. (2024) Income and inequality elasticity of poverty: the case of CESEE countries. *Economic Annals*, 69(243), p.41-67. | Да.<br>2024 | Да.<br>Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието и од информациите дадени во самиот труд | Да, ЗВО Член 2, точка 24а |
| Stankov, D. (2021) The Role of Income Distribution in The Growth-Poverty Nexus: Evidence From CESEE Countries, With Particular Reference To Macedonian Economy. *Economy and Market Communication Review*, 9(1), p.123-140. | Да.<br>2021 | Да.<br>Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието и од информациите дадени во самиот труд | Да, ЗВО Член 2, точка 24а |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Mitreska, A., Bojcheva-Terzijan, S., Stankov, D. and Neshkovikj, B. (2020) Empowering external statistics – how to deal with blurred data sources? IFC Bulletin No 52: "Bridging measurement challenges and analytical needs of external statistics: evolution or revolution?" *Proceedings of the IFC Conference on external statistics, Lisbon, Portugal, 17-18 February 2020.* Available on: https://www.bis.org/ifc/publ/ifcb52.pdf [Access date: 23 December 2024] | Да.<br>Октомври 2020 | Да.<br>Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од референтната конференција | Да, ЗВО Член 2, точка 24д |
| Stankov, D. (2020) Analysis of the Pro-Poor Growth in the CESEE Countries – Focus on the Macedonian Economy. *Journal of European and Balkan Perspectives*, 3(2), p.6-27. | Да.<br>Есен 2020 | Да.<br>Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието и од информациите дадени во самиот труд | Да, ЗВО Член 2, точка 24б |

Како истакнат стручњак од практиката, кандидатот редовно држи гостински предавања од областа на економијата и статистиката на различни универзитети.

**Учество на конференции и настани:**

- 04-06 ноември 2024, High-Level Group Workshop for Modernization of Official Statistics, УНЕЦЕ, Женева
- 23-24 октомври 2024, Conference of the Directors General of the National Statistical Institutes "Charting New Frontiers of Official Statistics", Талин, Естонија;
- 03-05 јуни 2024, Study visit on the Bilateral Measure "Data Governance", Oesterreichische Nationalbank, Виена;
- 05-07 февруари 2024, Study visit on establishing International trade in services statistics, Czech Statistical Office, Прага;
- 04-05 јули 2023, CEFTA Workshop on Trade in Services Statistics, FATS and FDI statistics, Подгорица;
- 24-25 јануари 2023, Workshop on Implementation of the EBS legal and methodological framework in the area of ITSS, Прага;
- 11-13 април 2022, Study visit on establishing International trade in services statistics, Czech Statistical Office, Прага;
- 22-24 ноември 2021, Online Seminar on Balance of payments and other external statistics, Banque de France;
- 22-26 март 2021, Workshop on Informal Economy and EECCA and SEE countries, УНЕЦЕ, заедно со Евростат, ММФ, ЕФТА и УНСД;
- 01-12 март 2021, JVI online course on Competitiveness, Growth and Crisis, Виена;

- 21 септември – 30 октомври 2020, e-Learning course on trade in services statistics 2020, Женева;
- 27 јануари – 7 февруари 2020, JVI Course on External Debt Statistics, Виена
- 06-10 May 2019, IMF Workshop on International trade in goods and services statistics, Будва, Црна Гора;
- 28 јануари – 08 февруари 2019, JVI Course on Compilation of Balance of Payment Statistics, Виена;
- 13 ноември 2018, Workshop on Data Governance for central bank's statistical purposes and statistical data confidentiality issues, Скопје;
- 24-27 април 2018, Seminar on Balance of payments and external statistics, Istanbul School of Central Banking, Истанбул;
- 11-12 декември 2017, Workshop on New Approaches to Statistical Capacity Development, Paris21, Париз;
- 07-08 јуни 2017, Meeting of the Directors Group in agricultural statistics, Луксембург;
- 06 јуни 2017, Seminar – User needs for statistics on Agriculture, Луксембург;
- 04-05 мај 2017, Workshop - 12th LFS Workshop on Output, Копенхаген;
- 06-10 март 2017, 48th session of United Nations Statistical Commission, Њујорк, САД;
- 28-29 ноември 2016, Conference - Towards more agile social statistics, Луксембург;
- 23-25 ноември 2016,14th Global Forum on Tourism Statistics, Венеција, Италија
- 28-30 септември 2016, Meeting of the Group of Experts on Population and Housing Censuses, Женева, Швајцарија;
- 26-27 септември 2016, Conference of the Directors General of the National Statistical Institutes, Виена, Австрија;
- 07-08 јули 2016, Workshop on the Generic Law on Official Statistics, Охрид, Македонија;
- 28-29 јуни 2016, Meeting of the Directors Group in agricultural statistics, Будимпешта, Унгарија;
- 27 јуни 2016, Seminar – Administrative and statistical data in agriculture, Белград, Србија;
- 31 мај – 3 јуни 2016 - European Conference on Quality in Official Statistics Мадрид, Шпанија;
- 24-25 февруари 2016 - Plenary of the Directors of Methodology and Directors of Informatics meeting, Луксембург;
- 15-16 октомври 2015, Meeting of the Policy Group on Statistical Cooperation, Котор, Црна Гора;
- 09-11 октомври 2015 - Meeting of the Directors of Macro-Economic Statistics, Луксембург;
- 05-07 октомври 2015 - Joint UNECE/Eurostat Work Session on Statistical Data Confidentiality, Хелсинки, Финска;
- 30 јуни – 1 јули 2015, Meeting - Directors Group in agricultural statistics, Будимпешта, Унгарија
- 29 јуни 2015, Seminar – The social dimension in agricultural statistics, Будимпешта, Унгарија
- 15-17 април 2015, Workshop on the modernization of the statistical production, Женева, Швајцарија
- 19 март 2015, Strategic information meeting with the enlargement countries, Луксембург
- 25-26 февруари 2015, Meeting of the European Directors of Social Statistics, Луксембург
- 24-25 март 2014, Study visit – Crop production statistics, Загреб, Хрватска;
- 17-18 март 2014, Study visit – Farm structure survey, Рига, Латвија;
- 24-25 February 2014, Meeting – Structure of agricultural holdings, Европска комисија, Луксембург;
- 10 октомври 2013, Работилница – Процес на преговори за членство во ЕУ, Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти, Скопје, Македонија;
- 24-27 октомври 2012, Study visit – Economic accounts for agriculture and agricultural price statistics, Будимпешта, Унгарија;
- 17-20 септември 2012, Meeting on Structure of agricultural holdings, Европска комисија, Луксембург;

- 08-11 февруари 2012, Meeting on agricultural statistics and environment statistics, Европска комисија, Луксембург;
- 18-19 мај 2011, Study visit - Transmission of FSS data to Eurostat, Рим, Италија;
- 12-14 септември 2010, Workshop - Metadata base as the core element of ISDMS and statistical metadata structure, Скопје, Македонија;
- 29-30 мај 2010, Study visit – Farm typology and Farm register, Лисабон, Португалија;
- 10-13 март 2010, Workshop on Economic Accounts for Agriculture including price statistics, Келн, Германија;
- 09-12 декември 2009, Study visit - Upgrading and strengthening the capacities of the State Statistical Office of the Republic of Macedonia for the development of a Farm register, Будимпешта, Унгарија;
- 30 ноември – 02 декември 2009, Workshop - Survey and sampling techniques for non-methodologists, Скопје, Македонија;
- 27-29 мај 2009, 2nd Workshop on Agricultural Census and Farm Structure Surveys, Истанбул, Турција;
- 20-22 мај 2009, Study visit - Establishing a Farm Register, Будимпешта, Унгарија;
- 01-03 април 2009, Работилница за Попис на земјоделството и Истражувања за структурата на земјоделските стопанства, Маврово, Македонија.

Кандидатот д-р Дејан Станков активно учествувале на курсеви и стручни обуки за што има добиено **сертификати:**

- Сертификат – Course on External debt statistics, Виена, Австрија, 27 јануари – 7 февруари 2020, Здружен виенски институт;
- Сертификат – Trade in services statistics 2020, 6-неделен е-курс, Женева, ноември 2020, УНЦТАД и СТО;
- Сертификат – X E-International Scientific Conference on economic development and standard of living, Бања Лука, 13 ноември 2020, Апеирон;
- Сертификат – Course on Compilation of Balance of Payment Statistics, Виена, Австрија, 28 јануари – 8 февруари 2019, Здружен виенски институт;
- Сертификат за учество – Training course on Quality management in Statistics – a Path for implementation, Мадрид, Шпанија, 31 мај – 3 јуни 2016;
- Сертификат за учество – European Conference on Quality in Official Statistics, 31 мај – 3 јуни 2016, Мадрид, Шпанија,
- Сертификат - Eighth European Conference on Quality in Official Statistics, Q2016, 31 мај – 3 јуни 2016,
  Мадрид, Шпанија;
- Сертификат за учество - Training course: Behavioural Economics, 2-4 март 2016, Валенсија, Шпанија;
- Сертификат – Успешно завршен циклусот 2015 година на Школите за политички студии при Советот на Европа, Стразбур, Франција, 2015;
- Сертификат од Семос компјутерски образовен центар, Скопје, 2015;
- Сертификат од Европската комисија за стажирање во Евростат, Луксембург, 2011.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Дејан Станков, одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно-истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Дејан Станков ги исполнува предвидените законски и други услови и со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, да биде избран во звањето *насловен доцент* по група предмети од областа на финансии (5.02.00.07).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**:

проф. д-р Марјан Петрески, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Душица Стевчевска Србиноска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки
Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Викторија Атанасовска Новевски, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE